# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 10 | КОЧАНИ, 7 Септември 2026 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 31.08.2026 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 31.08.2026 година, и тоа:

1. Предлог - план за изменување и дополнување на Планот на програми за развој 2026-2028, Бр.09-1518/1
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на информатичка и комуникациска технологија во 2026 година, Бр.09-1515/1
3. Програма за изменување на Програмата за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1516/1
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на образованието на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1517/1
5. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1526/1
6. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Бр.09-1512/1
7. Одлука за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Бр.09-1513/1
8. Одлука за измена на распоредот на средствата и проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година, Бр.09-1519/1
9. Одлука за утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1525/1
10. Заклучок за усвојување на Полуодишна информација за состојби и услови во кои се одвиваше работата на ОВР Кочани за првото полугодие во 2026 година, Бр.09-1507/1
11. Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2025 -2026 година, Бр.09-1508/1
12. Заклучок за усвојување на годишните програми за работа на општинските основни училишта за учебната 2026-2027 година, Бр.09-1509/1
13. Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни училишта од општина Кочани за учебната 2026-2027 година, Бр.09-1510/1
14. Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските средни училишта

од општина Кочани за учебната 2026-2027 година, Бр.09-1511/1

15. Заклучок во врска со Предлог-кандидатите за членови на управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување, поставување и одржување на јавно осветлување ,вршење на јавен превоз на патници и превоз на ученици „Светлина Ко 2022“- Кочани, Бр.09-1514/1

16. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2027 година, Бр.09-1520/1

17. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ Кочани за 2025/2026 година, Бр.09-1521/1

18. Заклучок за усвојување на годишна програма за работа на ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ – Кочани за 2026/2027 година, Бр.09-1522/1

19. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2027 година во ЈОУДГ „ Павлина Вељанова“ Кочани, Бр.09-1523/1

20. Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ„Павлина Вељанова“- Кочани, Бр.09-1524/1

21. Заклучок во врска со работењето на КЈП„Водовод“ - Кочани, Бр.09-1527/1

22. Заклучок за давање согласност за организирање на продолжен престој на ученици од I- III одделение во ООУ„Раде Кратовче“ - Кочани, Бр.09-1528/1

II.

Ги објавувам и

1. Решение за запирање на објавувањето на: Одлука за давање на користење просторија во сопственост на општината Кочани на Советот на Општина Кочани, без надомест, Бр.08-1552/1

2. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за значајни остварувања за развојот на Општина Кочани Одлука, Бр.30-1376/9 од 01.09.2026 година и

3. Одлука за доделување Награда на Општина Кочани за животно дело, Бр.30-1376/10 од 01.09.2026 година.

III.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“

Бр.08- 1552/2
07.09.2026 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани
Владко Грозданов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

П Л А Н
за зменување и дополнување на План на програми за развој 2026-2028

I.

Во План на програми за развој 2026-2028год. се предвидуват следните износи:
На страна 1 во програма ФА во графа:
- Изградба на други објекти изнесува 7.100.000 ден.

Се менува и изнесува 3.700.000 ден.
На страна 1 во програма ФД во графа:
- Порамнување и тампонирање на полски земјоделски патишта изнесува 1.000.000 ден.

Се менува и изнесува: 300.000 ден.
На страна 1 и 2 во програма ЈД во графа:
- Реконструкција на дел од ул.Никола Карев и кружен тек 3.050.000 ден.
Се брише
- Изградба на станбена ул.9 1.800.000 ден.
Се брише
- Експропријација изнесува 13.000.000 ден.
Се менува и изнесува: 10.750.000 ден.
На страна 3 во програма ЈА во графа:
- Изградба на капацитети во енергетиката изнесува 4.000.000 ден.
Се менува и изнесува:13.250.000 ден.

II.

Планот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кочани.

Бр.09 - 1518/1
31. 08.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

**ИЗМЕНА НА ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ 2026-2028**

| Програма | Потпрограма | Ставка | Потставка | Име на програмата / подпрограмата | | | | Грант / Донации | Кредит | Финансирано од други нивоа на власт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2026 | 2027 | 2028 | 2026 | 2026 | 2026 | |
| | | | | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **235.880.000,00** | **192.013.000,00** | **48.800.000,00** | | | | |
| FA | FAA | | | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | **15.700.000,00** | **18.900.000,00** | **21.500.000,00** | **0,00** | | **0,00** | |
| | | **482** | | **Изградба на други објекти.** | **15.700.000,00** | **18.900.000,00** | **21.500.000,00** | | | | |
| | | | 482910 | Геодетски услуги | 1.100.000,00 | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | **Изградба на други објекти** (Зашт.огради,белење, Изградба и оградување на спортски игралишта,Материјали за урбани заедници по барања, Кров на лифт, одржување на игралишта и изградба на детски паркови,  изградба на заштитни огради,Уривање на објекти за реализација на ДУП,Изградба на портали,и др. | 3.700.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Бетонирање на пристапни улици и тротоари | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на потпорни зидови | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на тротоари со бехатон плочки | 2.000.000,00 | 3.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |
| | | | | Изработка на проектна документација за мост | 900.000,00 | 400.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| FD | *FDA* | **482** | | **Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** | **2.800.000,00** | **4.000.000,00** | **3.200.000,00** | **0,00** | | **0,00** | |
| | | | 482120 | Изградба на локални патишта | 2.500.000,00 | 3.000.000,00 | 3.200.000,00 | | | | |
| | | | | Порамнување и тампонирање на полски земјоделски патишта | 300.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | *JDA* | **482** | | **Изградба и реконструкција на патишта и улици во Општината** | **77.960.000,00** | **33.664.000,00** | **11.900.000,00** | **0,00** | | | |
| JD | | | 482110 | Изработка на проектна документација за улици и патишта | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 1.500.000,00 | | | | |
| | | | 482110 | Ревизија на проекти | 300.000,00 | 200.000,00 | 300.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | 482120 | **ИЗГРАДБА** | | | | | | | |
| | | | | Пробивање и тампонирање на улици | 5.000.000,00 | 4.000.000,00 | 4.500.000,00 | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Сопствено учество за реконструкција на улица Бел Камен | 760.000,00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на улици | 8.000.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на ул Искра Оризари | | | | | | 5.000.000,00 | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Бел Камен - Кочани јужно | | | | | | 15.263.103,00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Роза Петрова и дел од ул.554 -Кочани | | | | | | 10.553.691,00 | |
| | | | | Изградба на ул.Царка Георгиева с.Оризари | | | | | | 11.967.520 | |
| | | | | Изградба на ул Кирил Ѕмбов-спој со Оризари | | | | | | 16.675.545,00 | |
| | | | | изградба на Потпорен ѕид Ромско Маало | | | | | | 5.058.532,00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Крак Генерал Апостолски | 3.200.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Климент Охридски | | | | | | 5.098.810,00 | |
| | | | | Изградба на потпорен ѕид на дел од ул.Климент Охридски | | | | | | 3.555.531,00 | |
| | | | | изградба на станбена ул.9 | | | | | | | |
| | | | | реконструкција на дел од Сервисна ул.8К (ул.Први Мај) | | | | | | 8.900.000 | |
| | | | | реконструкција на дел ул.Рајко Жинзифов | | | | | | 9.890.349,00 | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Евлија Челеблија | | | | | | 25.893.703 | |
| | | | | Изградба на два крака од ул.Вера Которка | 2.950.000,00 | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Никола Карев и кружен ток | | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Теодосие Паунов | 40.000.000,00 | 23.464.000,00 | 6.801.202,00 | | | | |
| | | | 482130 | **РЕКОНСТРУКЦИЈА** | | | | | | **0,00** | |
| | | | | Крпење на прекопи на улици со асфалт | 5.000.000,00 | 3.500.000,00 | 4.000.000,00 | | | | |
| | | | 482940 | Надзор над изведба | 1.000.000,00 | 500.000,00 | 600.000,00 | | | | |
| | | **485** | 485420 | Експропријација | 10.750.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| **JF** | | | | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **800.000,00** | **300.000,00** | **500.000,00** | | | **0,00** | |
| | | | | Изработка на проектна документација | 300.000,00 | 300.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | Сообраќајна сигнализација | 500.000,00 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***JGA*** | **482** | | **Изградба на водоводна мрежа во Општината** | **5.320.000,00** | **2.000.000,00** | **3.000.000,00** | | | **0,00** | |
| **JG** | | | 482720 | Изградба и реконструкција на водоводна мрежа во Општината | 2.600.000,00 | 2.000.000,00 | 3.000.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба на водоводна мрежа на улица 563 | 2.320.000,00 | | | | | | |
| | | | | Бунарски систем | 400.000,00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на водоводна мрежа за ул.Бел Камен | | | | | | 6.562.000,00 | |
| | ***JIA*** | **482** | | **Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината** | **36.200.000,00** | **28.300.000,00** | **8.700.000,00** | | | | |
| **JI** | | | 482310 | Подготвување на проекти | 400.000,00 | 400.000,00 | 500.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба и реконструкција на сливни решетки од полимер бетон | 2.000.000,00 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба на фекална канализација на ул.БелКамен | | | | | | 9.530.000,00 | |
| | | | | Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината | 2.500.000,00 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | | | | |
| | | | | Изградба на атмосферска канализација на ул.Бел Камен | | | | | | 11.334.000,00 | |
| | | | | Изградба на дел на атмосферска канализациона мрежа од град Кочани (северно од фабрика Руен и Атом) краци: К01; К02 (км 0+000 до км 0+520.00); К04(км 0+000 до км 0+038.50) и К05(км 0+000 до км 0+460.00) | 30.000.000,00 | 19.700.000,00 | 12.487.475,00 | | | | |
| | | | | Експропријација | 1.300.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | | | |
| | ***GA*** | | | **Изградба на други објекти** | **200.000,00** | **1.000.000,00** | | | | **0,00** | |
| GAA | | | 482920 | изработка на проектна документација за за домување на лица од социјален ризик | 200.000,00 | 1.000.000,00 | | | | | |
| | **GD** | | | | | | | | | | |
| | | | | **Заштита на животна средина и природа** | | | | | | | |
| JN | | | | **Урбана Опрема** | **600.000,00** | **900.000,00** | | | | **0,00** | |
| | | | | Набавка на урбана опрема | 600.000,00 | 900.000,00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | **JA** | | | **Изградба на јавно осветлување** | **13.300.000,00** | **3.100.000,00** | | | | **0,00** | |
| | JA0 | | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 13.200.000,00 | 3.000.000,00 | | | | | |
| | | | | Надзор | 100.000,00 | 100.000,00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | JL | | | **Капитални расходи за други комунални Услуги** | **1.000.000,00** | 500.000,00 | | | | **0,00** | |
| | | | | Набавка и поставување на водомери | | | | | | | |
| | | | | Надзор за поставување водомери | 1.000.000,00 | 500.000,00 | 500.000,00 | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | VB | | | **Капитални расходи за изградба на домови за стари лица** | **82.000.000,00** | **99.849.000,00** | 0,00 | | | **0,00** | |
| | | | | Изградба на домови за стари лица | 80.000.000,00 | 96.194.000,00 | 71.483.656,00 | | | | |
| | | | | Надзор | 1.000.000,00 | 3.655.000,00 | | | | | |
| | | | | Изработка на проектна документација | 1.000.000,00 | | | | | | |

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

## Програма
### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на информатичка и комуникациска технологија во 2026 година

I.

Во Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на информатичка и комуникациска технологија во 2026 година донесена од Советот на Општина Кочани под Бр.09-1822/1 од 22.12.2025 година („Службен гласник на Општина Кочани“бр. 18/2025) се вршат следните измени и тоа:

I.1. БУЏЕТ НА ИКТ АКТИВНОСТИ, се брише табелата:

| Рб. | | Активност | ОПШТИНА КОЧАНИ (МКД) | Надворешни фондови (МКД) | Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕА | Набавка на ИКТ опрема и софтвер – компјутери и др. | 1.200.000 | 0 | 1.200.000 |
| 2 | АО ЕО | Набавка на потрошен ИКТ материјал – делови и тонери | 250.000 | 0 | 250.000 |
| 3 | ЕО | Набавка на услуги од фиксната телефонија, интернет и Microsoft 365 лиценци. | 2.400.000 | 0 | 2.400.000 |
| 4 | ЕА | Набавка на софтвер и хардвер за он-лине плаќање на даноци | 600.000 | 0 | 600.000 |
| 5 | ЈЗ | Одржување и мониторинг на систем за јавно осветлување | 90.000 | 0 | 90.000 |
| | | **ВКУПНО** | **4.540.000** | **0** | **4.540.000** |

и се заменува со следнава:

| Рб. | | Активност | ОПШТИНА КОЧАНИ (МКД) | Надворешни фондови (МКД) | Вкупно (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЕА | Набавка на ИКТ опрема, софтвер компјутери, сервер и др. | 1.440.000 | 0 | 1.440.000 |
| 2 | ЕА | Набавка на сервер со софтвер и лиценца | 1.200.000 | 0 | 1.200.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | **ЕА** | Набавка на софтвер ( лиценци за AUTOCAD ) | **540.000** | **0** | **540.000** |
| **4** | **АО ЕО** | Набавка на потрошен ИКТ материјал – делови и тонери | **250.000** | **0** | **250.000** |
| **5** | **ЕО** | Набавка на услуги од фиксната телефонија, интернет | **420.000** | **0** | **420.000** |
| **6** | **ЕА** | Набавка на софтвер и хардвер за он-лине плаќање на даноци | **600.000** | **0** | **600.000** |
| **7** | **ЈЗ** | Одржување и мониторинг на систем за јавно осветлување | **310.000** | **0** | **310.000** |
| | | **ВКУПНО** | **4.760.000** | **0** | **4.760.000** |

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за активностите на Општина Кочани во областа на ИКТ за 2026 година претставува континуитет во реализацијата на приоритетите за динамичен ИКТ развој на Општина Кочани. Во продолжение следува образложение на ставките од Буџетот на ИКТ активности:

- Средствата од точка 1 во буџетот во висина од 1.440.000 денари без ДДВ се однесуват за набавка на нови компјутери и мултифункциски уреди, набавка на firewall, и нивна замена со постоечките застарени уреди.
- Средствата од точка 2 во буџетот во висина од 1.200.000 денари без ДДВ се однесуват за набавка на сервер со софтвер и лиценца.
- Средствата во точка 3 во буџетот во висина од 540.000 денари без ДДВ се однесуваат за набавка на софтвер ( лиценци за AUTOCAD)
- Средствата од точка 4 во буџетот во висина од 250.000 денари без ДДВ се однесуват за сукцесивна набавка на ИКТ потрошен материјал за рок од една година.
- Средствата од точка 5 во буџетот во висина од 420.000 денари без ДДВ се однесуват за набавка на Набавка на услуги од фиксната телефонија, интернет .
- Средствата од точка 6 во буџетот во висина од 600.000 денари без ДДВ се однесуват за – Набавка на софтвер и хардвер за он-лине плаќање на даноци.
- Средствата од точка 7 во буџетот во висина од 310.000 денари без ДДВ се однесуват за обезведување на Одржување и мониторинг на систем за јавно осветлување и инсталација на 5 (пет) нови уреди.

II.

Програмата за изменување на Програмата за активностите на Општина Кочани во областа информатичка и комуникациска технологија во 2026 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1515/1 Претседател
31.08.2026 година на Советот на Општина Кочани,
К о ч а н и Александар Андов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15, а во врска со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување на Програмата за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2026 година

I.

Во Програмата за изградба на јавно осветлување во Општина Кочани за 2026 година, („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2025 и 09/2026), се вршат следните изменувања:

Планирани приходи и расходи во периодот Јануари-Декември 2026 година

Во делот Б. Анализа на расходи за 2026 г. Алинејата за Расходи за извршување на работи за изградба на јавно осветлување се додава нова ставка Расходи за Договор за дислокација на дистрибутивна мрежа или поточно дислокација на електроенергетски објекти за реализација на Јужен Булевар Кочани и ставката од 4.000.000,00 ден. која е наменета за Расходи за извршување на работи за изградба на јавно осветлување се зголемува за 9.200.000,00ден. кој ќе бидат наменети за Расходи согласно Договорот за дислокација на дистрибутивна мрежа или поточно дислокација на електроенергетски објекти за реализација на Јужен Булевар Кочани и се добива нова во вредност од 13.200.000,00ден. за потребите за дислокација на електроенергетски објекти за реализација на Јужен Булевар Кочани така што во делот каде што стои вкупно расходи наместо 12.166.202,00 ден. ќе бидат 21.366.202,00ден.

Во делот Разликата помеѓу планираните приходи 34.826.554,00 ден. и расходи 21.366.202,00 ден. ќе остане износ од 13.460.352,00 ден. ќе бидат искористени за изградба на нови инфраструктурни проекти како и за тековно одржување на јавното осветлување во Општина Кочани.

II.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09 - 1516/1
31. 08.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

за изменување и дополнување на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година

I.

Во точка 3. Текст: Доделување на парични и други награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада кој е организирана надвор од државата

Општина Кочани ќе додели награда на учениците кои се прогласени за Првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на учениците поединци кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада кои се реализирани надвор од земјата.

На Првенците на генерацијата Општина Кочани им обезбедува парична награда од 20.000 денари.Останатите паричните награди ќе се одобрат и доделат со одлука на Градоначалникот на Општина Кочани. Заради промовирање и поддршка на наградените ученици паричните награди свечено ќе им бидат доделени на настан „Средба со најдобрите“ - настан кој се организира со присуство на наградените ученици нивните менторите и училиштата.

За награди на учениците се предвидени вкупно 220.000,00 денари, од кои од Програмата за основно образование N1 – 160.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари.“ се менува и гласи:

3. Доделување на парични и други награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада кој е организирана надвор од државата

Општина Кочани ќе додели награда на учениците кои се прогласени за Првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на учениците поединци кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада кои се реализирани надвор од земјата.

На Првенците на генерацијата Општина Кочани им обезбедува парична награда од 20.000 денари. Останатите паричните награди ќе се одобрат и доделат со одлука на Градоначалникот на Општина Кочани. Заради промовирање и поддршка на наградените ученици паричните награди свечено ќе им бидат доделени на настан „Средба со најдобрите“ - настан кој се организира со присуство на наградените ученици нивните менторите и училиштата.

За награди на учениците се предвидени вкупно 320.000,00 денари, од кои од Програмата за основно образование N1 – 260.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари.

Во текстот со наслов Вкупни средства за реализација на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година текстот и рекапитуларите

„Вкупни средства за реализација на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година рекапитуларите текстот и рекапитуларите „Вкупните средства за реализација на сите активности планирани во Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година изнесуваат 14.950.000,00 денари од наведените програми, од кои 1.460.000,00 денари се планирани како средства предвидени во други програми на Општина Кочани според следниот:

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Износ на средства во денари | Други програми |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на ученици од социјално ранливи категории | 150.000,00 | Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година |
| 2 | Организирање на настани | 110 000,00 | Програма за култура 2026 |
| 3. | Доделување на стипендии | 1 200.000,00 | Програма на Градоначалник на Општина Кочани за 2026 |
| Вкупно средства: | | 1.460.000,00 денари | |

Средства предвидени во Програмата за поддршка на образованието во општина Кочани за 2026 година од Програма за основно и средно образование во износ од 13.490.000,00 денари се во следниот :

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Средства од програмата за поддршка на образованието на општина Кочани |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на училиштата за превоз на ученици во странство за учество на мегународни натпревари | 120. 000,00 денари<br>Програмата за основно образование N1 – 92.000,00 денари и |

| | | |
|---|---|---|
| | | Програмата за средно образование N2 – 28.000,00 денари. |
| 2. | Доделување на парични награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада организиран надвор од државата | 220.000,00 денари<br>Програмата за основно образование N1 – 160.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари. |
| 3. | Пакети за учениците во прво одделение | 300.000,00 денари<br>Програма за основно образование<br>N1 – 300.000,00 денари. |
| 4. | Поддршка на инфраструктурни проекти за училишен објект | 350.000,00 денари<br>о Програмата за основно образование N1 – 200.000,00 денари. N2-150.000,00 ден.од Буџетот на Општина Кочани. |
| 5. | Поддршка за бесплатен превоз на учениците во средното образование за подмирување на доспеани обврски и за тековни трошоци за бесплатен превоз на учениците во средното образование кои се оддалечени од средните училишта повеќе од 2,5 км. | Програмата за средно образование N2 –12.500.000,00 |
| | | Вкупно средства:<br>13 490 000,00 ден |

се менуваат и гласат:

„Вкупни средства за реализација на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година рекапитуларите текстот и рекапитуларите „Вкупните средства за реализација на сите активности планирани во Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2026 година изнесуваат 14.950.000,00 денари од наведените програми, од кои 1.460.000,00 денари се планирани како средства предвидени во други програми на Општина Кочани според следниот:

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Износ на средства во денари | Други програми |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на ученици од социјално ранливи категории | 150.000,00 | Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2026 година |
| 2 | Организирање на настани | 110 000,00 | Програма за култура 2026 |
| 3. | Доделување на стипендии | 1 200.000,00 | Програма на Градоначалник на Општина Кочани за 2026 |
| Вкупно средства: | | 1.460.000,00 денари | |

Средства предвидени во Програмата за поддршка на образованието во општина Кочани за 2026 година од Програма за основно и средно образование во износ од 13.490.000,00 денари се во следниот:

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Средства од програмата за поддршка на образованието на општина Кочани |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на училиштата за превоз на ученици во странство за учество на мегународни натпревари | 120.000,00 денари<br><br>Програмата за основно образование N1 – 92.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 28.000,00 денари. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Доделување на парични награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада организиран надвор од државата | 320.000,00 денари<br>Програмата за основно образование N1 – 260.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари. |
| 3. | Пакети за учениците во прво одделение | 300.000,00 денари<br>Програма за основно образование<br>N1 – 300.000,00 денари. |
| 4. | Поддршка на инфраструктурни проекти за училишен објект | 350.000,00 денари<br>о Програмата за основно образование N1 – 200.000,00 денари. N2-150.000,00 ден.од Буџетот на Општина Кочани. |
| 5. | Поддршка за бесплатен превоз на учениците во средното образование за подмирување на доспеани обврски и за тековни трошоци за бесплатен превоз на учениците во средното образование кои се оддалечени од средните училишта повеќе од 2,5 км. | Програмата за средно образование N2 –12.500.000,00 |
| | | Вкупно средства:<br>13 590 000,00 ден |

II.

Оваа измена и дополнување на Програмата за поддршка на образованието на Општина Кочани за 2026 влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1517/1<br>31.08.2026 година<br>К о ч а н и

Претседател<br>на Советот на Општина Кочани,<br>Александар Андов

Врз основа на членот 40 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25,127/25 и 134/26), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2026 година, (“Службен гласник на Општина Кочани бр. 18/2025), се врши следното дополнување:

- Во поглавје II. Урбанистики план вон населено место, се додава следната табела, која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Измена и дополнување на урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс со основна класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија во м.в. Цацков Бунар, КО Тркање, Општина Кочани | П = 7.92ха | самофинасирање од заинтересирани лица |

Член 2

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1526/1
31.08.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Александар Андов

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 31 од Законот за управување со отпадот „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) и член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 31.08.2026 година , донесе

## О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

### Член 1

Со оваа одлука по членот 11, се додаваат нови членови 11-а и 11-б кои гласат:

### Член 11-а

Општините при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе, имаат различен број на гласови согласно Регионален план за управување со отпад во Североисточен и Источен плански регион односно податоци за собран отпад на ниво на општина во тони на годишно ниво.

### Член 11-б

Согласно методологијата за утврдување на број на гласови (400 тони отпад бројат 1 глас) на општините основачи при давањето на согласност и донесувањето на одлуките кои се однесуваат на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе утврдена во членот 11-а распоредот на гласови е следен:

| Општина | Жители* | kg/жител/ден | Отпад t/год | Коефициент на гласови |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | ~98.000 | 0.95 | ~34.000 | 85 |
| Штип | ~41.000 | 1.00 | ~15.000 | 37,5 |
| Кочани | ~31.000 | 0.90 | ~10.200 | 25,5 |
| Свети Николе | ~18.000 | 0.85 | ~5.600 | 14 |
| Делчево | ~17.000 | 0.80 | ~5.000 | 12,5 |
| Крива Паланка | ~18.000 | 0.78 | ~5.100 | 12,75 |
| Пробиштип | ~15.000 | 0.75 | ~4.100 | 10,25 |
| Виница | ~17.000 | 0.65 | ~4.000 | 10 |
| Липково | ~27.000 | 0.40 | ~3.900 | 9,75 |
| Берово | ~11.000 | 0.75 | ~3.000 | 7,5 |
| Кратово | ~9.000 | 0.60 | ~2.000 | 5 |
| Чешиново-Облешево | ~7.000 | 0.60 | ~1.500 | 3,75 |
| Македонска Каменица | ~6.000 | 0.60 | ~1.300 | 3,25 |
| Карбинци | ~4.000 | 0.55 | ~800 | 2 |
| Пехчево | ~5.000 | 0.45 | ~820 | 2,05 |
| Старо Нагоричане | ~3.000 | 0.55 | ~600 | 1,5 |
| Зрновци | ~2.000 | 0.55 | ~400 | 1 |
| Ранковце | ~3.500 | 0.45 | ~575 | 1,44 |
| | Вкупен број на гласови | | | 244,74 |

Член 2

Со промена на генерирана и дистрибуирана количина на отпад на годишно ниво од секоја општина ќе биде менуван коефициентот на вредност на бодови на секоја општина поединечно заклучно со 31 јануари секоја година.

Член 3

Со оваа Одлука членот 12 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално – финансиско работење и Директор.

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие ги именуваат, односно разрешуваат основачите на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во заедничкото јавно претпријатие треба да имаат најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 4

Членот 13 од Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе се менува и гласи:

„За вршење контрола на материјално – финансиското работење на заедничкото јавно претпријатие се формира надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните, економските, природни науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите

во надзорниот одбор на заедничкото јавно претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.
Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именуваат, односно разрешуваат основачите на заедничкото јавно претпријатие.

Член 5

Членот 14 се менува и гласи:

Постапката за избор на Директор се спроведува од страна градоначалникот на општината во кој ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште.
Градоначалникот на општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште формира комисија за административна селекција на кандидатите за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, по претходна согласност на мнозинство на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.
Комисијата за административна селекција ја сочинуваат три члена и три заменици членови односно два претставника од општините од Североисточниот регион и еден претставник од општините од Источниот регион, додека како заменици членови се два претставника од општините од Источниот регион и еден претставник од општините од Североисточниот регион.
Изборот на членови на комисијата се врши по пат на ждрепка на состанок на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.
Работата на комисијата за селекција се уредува со деловник за работа на комисијата, кој го подготвува и донесува комисијата.
Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе. кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

Член 6

По членот 14, се додава нов член 14-а кој гласи:

Член 14-а

За избор на членови во Управниот одбор и на Одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, на предлог на градоначалникот на општината на чија територија е седиштето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе, Советите на општините основачи, формираат Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општина основач која има најголем број на жители согласно пописот од 2021 година, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината во која ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе има седиште и еден член и негов заменик, вработени во ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК" Свети Николе.

Член 7

Во останатиот дел Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе останува непроменета.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Кочани .
Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи на заедничкото јавно претпријатие.

Бр.09 - 1512/1
31. 08.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 23 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24) и Одлуката за основање на ЗЈПРУО ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе, Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 31.08.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе

Член 1
Со оваа Одлука се уредува начинот на финансирање и обезбедување средства за тековно работење и одржување на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (во понатамошниот текст: Претпријатието), основано од општините од Источниот и Североисточниот плански регион.

Член 2
Секоја од Општините основачи на Претпријатието обезбедува средства за финансирање на Претпријатието во износ од 10 (десет) денари по жител на годишна основа, согласно со податоците од последниот попис на населението во Република Северна Македонија, при што вкупниот износ на средствата што секоја општина е должна да ги обезбеди за Претпријатието се утврдува како производ од бројот на жители во општината и износот од 10 денари по жител за период од 01.01-31.12 во тековна година.

Член 3
Средствата од член 2 на оваа Одлука општините ги уплаќаат на сметката на Претпријатието во вкупниот износ најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Член 4
Средствата обезбедени согласно оваа Одлука ќе се користат за:
- тековно работење на Претпријатието;
- одржување на опрема и инфраструктура;
- развој на системот за регионално управување со отпад;
- други активности во согласност со закон и статутот на Претпријатието;

Член 5
За реализација на оваа Одлука се задолжуваат градоначалниците на општините основачи на Претпријатието и директорот на Претпријатието.

Член 6
Доколку некоја од општините основачи на Претпријатието не ги обезбеди или не ги уплати средствата во роковите утврдени со оваа Одлука, ќе се смета дека истата не ја исполнила својата финансиска обврска кон Претпријатието.
Во таков случај, директорот на Претпријатието е должен писмено да ја извести општината и да и определи дополнителен рок од 30 дена за исполнување на обврската.

Доколку општината не постапи ниту во дополнителниот рок, Претпријатието може:

- да преземе мерки за присилна наплата согласно важечките законски прописи;
- да иницира постапка пред надлежен суд за наплата на побарувањето;
- да предложи ограничување на користење на услугите во рамки на законските можности.

Ненавременото исполнување на обврските може да претставува основа за иницирање на постапка за одговорност, согласно со закон.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на општина Кочани .

Одлуката ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на сите општини основачи.

Бр.09 - 1513/1
31. 08.2026 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Александар Андов

---

Врз основа на член 36 став 1,точка 2 од Законот за Локална самоуправа(Сл.весник на РМ 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24 )а во врска со со член 33 и 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ 64/2005,4/2008,103/08,156/09,95/110,180/11,171/12,192/15 и 167/16)и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр.151/21 и 3/25 Советот на Општина Кочани на 17-та седница одржана на ден 31.08.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

За измена на распоредот на средствата и проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2026 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата и проширување на средствата на буџетот на Општина Кочани за 2026 година ,на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | ДОТАЦИИ. | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патиШта и автопати | -1.800.000 | | | |
| 482130 Реконструкција на улици, патишта и автопати | -3.050.000 | | | |
| 485420 Надомест за одземен имот | -2.250.000 | | | |
| **ФАА Капитални расходи за уредување на градежно земјиште во општината** | | | | |
| 482920 Изградба на други објекти | -3.400.000 | | | |
| **ФДА Капитални расходи за уредување на простор во рурални подрачја во општината** | | | | |
| 482120 Изградба на улици, патиШта и автопати | -700.000 | | | |
| **Е00 Општинска администрација** | | | | |
| 427110 Привремени вработувања | 1.900.000 | | | |
| **Н10 Основно образование** | | | | |
| 464990 Друѓи трансфери | 100.000 | | | |
| **ЈА0 Изградба на јавно осветлување** | | | | |
| 482820 Изградба на капацитети во енергетиката | 9.200.000 | | | |
| **К10 Библиотекарство** | | | | |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизација | | 65.000 | | |
| 421310 Пошта | | -65.000 | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |

